М-р Душан М. ВЕРИГИЌ

# ПРАВИЛА ЗА ИЗРАБОТКА НА АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Можеби овде употребениот збор ***правила*** е многу крут, непопустлив, нефлексибилен и слично. Можеби наместо него, подобро ќе беше да се употребат зборовите: барања, принципи, моменти, препораки, насоки, или пак едноставно само зборот критериуми за изработка на прашалник. Сепак овде, не случајно, е употребен зборот правила, имајќи ги предвид повеќето можни и, од оправдани причини, изнудени отстапувања и "попуштања", од почетокот на истражувањето, во текот на реализацијата на истражувањето, па сé до завршувањето на едно емпириско истражување.

Погоре беше употребен зборот *отстапување* и веднаш да речеме за што се работи. Не треба многу да се објаснува дека многу е тешко да се спроведе до крај, онака како што е однапред замислено и проектирано истражувањето. Неретко се случувало една анкета да се замисли и испланира на еден начин, а таа да се изведе сосема поинаку, односно многу поупростено и во поскратена форма, со прескокнување на некои поважни или помалку важни фази при анкетирањето и слично. Кои биле мотивите и заради кои причини доаѓало до такви "застранувања" овде се нема намера подетално да се образложува, но навистина би било недопустливо во едно научно истражување уште на почетокот да се прават отстапки од замислениот концепт (проект или само "во глава" замислената концепција) на пример, само за што побргу да би се завршило истражувањето или само за да би се заштедело.

Затоа овде, кај нас, нека се тоа само ***правила,*** бидејќи тие, на некој начин, се попредупредувачки и посериозно звучат, односно постојано имаат за цел да нé потсетуваат и насочуваат во работата при изработката на прашалникот за едно конкретно анкетно истражување.

*Основно правило е – прашалникот да ги содржи прашањата што се во врска со предметот и поставените хипотези на конкретното истражување (анкетирање).* Кон основното правило се придодава и *основната методолошка забелешка* за секој истражувач за тоа, *пред да се отпочне со правење на прашалникот, секогаш да се има предвид кој треба да го потполнува* (анкетарот или испитаникот, по можност, однапред да се познаваат структурните белези на конкретните испитаници како, на пример: млади, стари, машки, женски, образован, необразовани, занаетчии, земјоделци, студенти,

пензионери, домаќинки итн.), и *како треба да се пополнува конкретниот прашалник.* Оттука произлегуваат и насоките и препораките за што пологично конструирање на прашањата во анкетниот прашалник.

Понатаму се редат *другите правила* кои, повеќе или помалку, се неодминливи при изработката на било кој прашалник за анкетирање. Правилата за изработка на еден прашалник можат да се разместат во неколку групи: првата е **методолошка,** втората **стручна,** третата **техничка,** четвртата **естетска,** петтата **рационална,** шестата, **компатибилна** и седмата група се **правилата за "заокружување"** (меѓусебно поврзување и усогласување) на сите наведени правила, дури и со, на почетокот наведеното, основно правило за стриктно придржување кон темата и хипотезите на истражувањето.

## Првата методолошка група на правила

Првата, **методолошката** група на правила опфаќа најголем дел на одредници при изготвувањето на прашалникот како прв инструмент на анкетирањето. Имено, оваа група на правила го опфаќа најчесто претпоставеното однесување на испитаниците, пред сé, во време на анкетирањето. Тоа истражувачот го става пред сериозна задача како да го постави (изработи) прашалникот, за да добие што повалидни истражувачки резултати од испитаниците.

Овде најнапред се наведуваат *најзначајните* и *неодминливите* правила во изработката на анкетниот прашалник:

– Прашалникот треба да биде на *јазикот* најблизок на испитаникот. Тоа значи дека во прашалникот не треба да биде применет (докрај) строго литературен јазик, особено не со употреба на странски зборови и изрази. И, доколку е употребен книжевниот јазик во текстот на прашалникот, се става во задача на анкетарот – усно да ги објаснува нејасните прашања или одговори на испитаникот. Во вакви ситуации, анкетарот се предупредува да не направи некоја своја "слободна" интерпретација при што сосема би се изгубила смислата на она што треба да му се дообјасни на испитаникот. Во наши услови на јазично мешана средина, покрај горните поставки, треба да се води сметка испитаниците да бидат анкетирани од анкетари што го зборуваат (владеат) нивниот мајчин јазик, ако веќе прашалникот не е изготвен на нивниот јазик, што, споре мене, не е ни толку битно, а почесто е и "контрапродуктивно", особено при понатамошната обработка на анкетниот материјал;

– Секој модалитет (како однапред предвиден можен одговор) треба да има својство на "дискриминаторност", односно со определувањето на испитаникот за еден од понудените одговори да не го ставаме во дилема дека би можел да се определи уште за некој(и) друг(и) од понудените одговори.

За, на некој начин, подобро да се разјасни што е тоа непостоење на дискриминаторен момент во однапред понудените одговори на едно прашање, на ова место се наведува примерот од прашалникот од едно наше истражување[1] со прашањето за тоа: "*Која цел во овој момент ја сметате за најважна во РМ?*

Следат одговорите:

1. Зачувување на мирот
2. Национална рамноправност
3. Економски просперитет
4. Целосно меѓународно признавање на Републиката
5. Развој на демократијата и
6. Нешто друго, што? ______________________________

Веднаш се воочува дека постои малку можност за еден од избраните модалитети испитаникот да го остави во "убедување" дека се определува токму за тој модалитет (одговор), а другите понудени одговори воопшто да не му се важни. Значи, со избирање на еден од понудените одговори, кај испитаникот нема *интересно* исклучување од другите наведени одговори. Што всушност значи тоа? Да речеме дека еден испитаник е мошне заинтересиран за развој на демократијата, овде тешко може да се определи за тоа, бидејќи е "растргнат" помеѓу други, исто така, за него важни цели, кои меѓусебно не се исклучуваат, како што се: зачувувањето на мирот, националната рамноправност, економскиот просперитет и друго.

Со ваквата конструкција на прашањето и одговорите, не би сакал да помислам на претпоставката дека е можно намерно и тенденциозно "инсценирање" за некои од понудените одговори да не бидат избрани од страна на испитаниците. Се разбира дека овде не е таков случај, но, сметам дека е подобро ако прашањето на оваа тема биде поставено на поинаков начин – сите понудени модалитети да се одделат во посебни прашања.

– Доколку, сепак се применат вакви прашања, односно кога испитаникот навистина се наоѓа во "расчекор" со изборот на "првиот" одговор, односно треба да се определи помеѓу две, три

1 Се работи за сондажа на јавното мислење за испитување на предизборното расположение на граѓаните во РМ во 1994 година, што го спроведе Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје

или повеќе понудени опции што се изразени низ модалитетите на одговорите на едно прашање, истражувачот, уште при формулирањето на прашањето, однапред го определува пристапот за забележување на одговорите, и тоа на два начина: прво, можноста да се заокружи *произволен* број на модалитети според изборот на испитаникот и второ, исто како под првото, но и да се *рангираат* по значење изборните одговори.

За првиот случај, се поставува прашањето и се бараат одговори амо доколку истражувачот нема намера да го "вкрсти" тоа прашање со некое друго прашање. Но доколку сепак се одлучи за споредување на тоа прашање со некои други прашања, тоа може да го стори со дополнителна обработка на модалитетите од тоа прашање преку создавање на *дихотомни* прашања (нпр. 1. Има одговор или 2. Нема одговор на понудените модалитети).

За вториот случај се поставува нешто поизграден систем за формулирање на прашањето и за начинот на заокружување на понудените модалитети. Така, таквото прашање може да се подготви за обработка на повеќе начини: *почнувајќи,* од изработката на прости дистрибуции на фреквенции, *потоа,* со избирање само на првиот ранг за обработка, односно за вкрстување или пак со отварање на одделни позиции за компјутерската обработка (како одделни прашања) за секој одделен ранг (онолку колку што ги има), преку примена на дихотомија на одговори, па сè до можноста за изготвување на нови и изведени модалитети, со примена на комбинаторика или на "пакување" (спојување на повеќе, слични по содржина) модалитети.

Колку и да се наметнува нужната потреба и за тоа има услови за да се добијат повеќе од еден одговор на поставеното прашање, во анкетните истражувања од овој вид, сепак треба да се применуваат мошне рестриктивно, од проста причина што при постоењето на вакви прашања и одговори, редовно се усложнува понатамошната обработка на добиените резултати.

– Определувањето на модалитетите од **ист ранг** на значење и од **иста област,** е постојано присутна напомена при секоја изработка на прашањата на кои се бараат одговори со однапред наведени модалитети. Поинаку кажано, едно конкретно прашање ги определува воедно и рамките во кои треба да се наоѓаат, односно да се очекуваат, определените одговори по содржината и интензитетот (тежината) на значење. Така, не може да се смета дека е добро поставено прашањето и понудените одговори ако, на пример, од испитаникот се бара да одговори за тоа – *Која од долунаведените личности кај вас ужива најголем углед?,* па следат

вакви однапред понудени модалитети на можни одговори: 1. *Н.Н. – Претседателот на Републиката; 2. М.М. – Претседателот на Црвениот крст; 3. П.П. – Претседателот на Здружението на пензионерите и 4. Р.Р. – Претседателот на месната заедница.*

– Давањето **предност** и определувањето на **редоследот** на прашањата, всушност се две различни нешта за кои треба однапред да се внимава при изработката на анкетниот прашалник.

За предноста може да се зборува само кога се работи за две основни групи на прашања со кои се собираат субјективните и објективните податоци, поточно помеѓу *независните и зависните варијабли (променливи)* во едно анкетно истражување. Со други зборови, се работи за групата на прашања со кои се испитуваат ставовите и мислењата итн. и групата на прашања со кои се прибираат идентификациони структурни податоци за испитаникот, како што се за полот, возраста, образованието, занимањето, националната и верската припадност и некои други лични податоци за испитаникот.

Познати се залагањата на некои теоретичари[2] кои даваат предност (приоритет) на групата на прашања со кои се прибираат ставови и мислења на испитаниците, додека прибирањето на структурните податоци или некои други лични белези на испитаникот се ставаат во втор план (второ место, на крајот) во прашалникот. Тоа се поткрепува со фактот дека анкетата е анонимна и тоа му се укажува на испитаникот, но при отпочнувањето на анкетирањето со земање лични податоци од испитаникот, постои можност тој да се посомнева во нашата изјава за анонимност. Ова не е единственото објаснување, но ваквото нивно залагање за приоритетот на прашањата што се составени главно од зависни варијабли, несомнено се издржани и имаат свое логично објаснување и оправдување, но исто така, се смета дека може да се најде соодветно оправдување и во спротивна насока – во прашалникот најпрвин да се поставаат прашањата што се независни варијабли кои би биле погоден и лесен почеток (вовед) за разговорот со испитаникот, а потоа да се поставаат зависните варијабли со кои најчесто се прибираат субјективните податоци.[3]

Не постои алтернатива, односно во истражувањата во кои се применуваат *квотните примероци*, во прашалникот секогаш се поставуваат најпрвин прашањата на испитаникот со кои се бараат

2 Gud. V. - Het, P.: Metodi socijalnog istraživanja. - Vuk Karadžić, Beograd. 1966. Стр. 130

3 Milić, V.: Sociološki metod. - Nolit, Beograd. 1965. Стр. 415

личните податоци за него, а потоа прашањата со кои се испитуваат неговите ставови, мислењата и слично.

Во ситуација кога треба да се пристапи кон изработка на еден прашалник по *блокови* на прашања, исто така треба да се води сметка за тоа на кои блокови да им се даде предност. Треба да се води сметка секогаш, кога е тоа можно, во почетните позиции во прашалникот да најдат место оние блокови на прашања што се воведувачки за испитаникот во разговорот, односно за него се тие информативни, а за анкетарот, на пример, однапред да добие претстава за нивото на информираност и компетентност на испитаникот квалификувано да одговара на некои последователни прашања во прашалникот, а потоа се подредуваат блоковите според значењето или според некој логичен редослед.

За **редоследот** на прашањата во прашалникот, во постоечката методолошка литература се наведуваат, *повеќе како начини, помалку како правила,* за воспоставување на редоследот, за кои, би се рекло, дека сите за себе имаат добро оправдани и логични објаснувања:

Најнапред е заложбата за редоследот на прашањата со кои испитаникот "треба да биде *психолошки* приспособен"[4] за негово што поефективно вклучување и воведување во анкетирањето, односно почнувајќи со најлесните, преку потешките и на крајот да најтешките прашања.

Понатаму, следи заложбата за *логичност* во поставувањето на анкетните прашања, што значи, претходно поставеното прашање во прашалникот, на некој начин да го упатува испитаникот на следното прашање и така последователно, до крајот на прашалникот, што нема да значи дека ќе нема претходни прашања со кои ќе се бара продолжение или поврзување со некои прашања што се при самиот крај на прашалникот.

Воопшто, треба да се избегнува "испревртен" редослед на прашањата чија содржина скока од еден проблем на друг, овен ако со таквите прашања не се сака (понекогаш) да се провери испитаникот дали е искрен, дали има сериозен пристап кон анкетирањето, односно да се провери дали испитаникот го следи разговорот со анкетарот или, што е и можно, разговорот веќе да му станал здодевен.

Треба *да се избегнува воспоставување на преголем број на можни одговори (модалитети)* на поставеното прашање, од повеќе причини, а две се позначајни: првата, можноста испитаникот да почне

4 Milić, V., - op. cit. str. 415-416

да ги заборава претходно слушнатите (прочитани) одговори и да се определува за крајните модалитети (први или последни, па дури и да се искаже дека не го знае одговорот) и втората, при конечната анализа на прашањето, да не се добие доволно значајна дистрибуција на фреквенциите за секој предвиден одговор.

Воопшто, за *редоследот на понудените одговори,* во методолошката литература нема баш многу коментари, освен за тоа дека и тие треба да се поставуваат според одреден логичен редослед, а за нумеричките показатели за континуитетот на прогресијата или дигресијата на одбележувањето на групирани (интервални групи) или негрупирани (поединечни големини) и некои други забелешки. На ова место се наведуваат, според мене, две значајни напомени при воспоставувањето (редењето) на редоследот на однапред понудените одговори на едно прашање: за наведување на можните одговори и за одговорите на *скалата* за мерење на интензиотетот на сложување или несложување и слични определувања на испитаникот:

Во едно прашање во кое ќе треба да се наведат во писмена форма повеќе модалитети, основната препорака е – да се отпочне од било кој модалитет кој би можел да биде погоден за алтернативно продолжување на некој друг од избраните модалитети на одговорите, а пак овој друг да е погоден за избор на третиот алтернативен модалитет и така сé до наведувањето на последниот избран модалитет.

Некогаш е потребно редоследот на понудените модалитети во едно прашање да биде определен по пат на случаен избор, а некогаш ќе треба да се почитува правилно на вообичаеното усно наведување на можните алтернативи. Тоа се случаевите кога се наведуваат алтернативи за "да" или "не", за "машко" или "женско", за "има" или "нема" итн. Ваквиот редослед на поставувањето на модалитетите, нема некоја поопраздана причина да се менува. Напротив, ако би се менувал редоследот, постои опасност да се направат некои непотребни, дури би се рекло и смешни инверзии на понудените модалитети на одговорите.

Втората напомена е попрепознатлива и составувачот на прашалникот сигурно ќе го почитува редоследот на модалитетите, да речеме од едно крајно позитивно или негативно тврдење, определба и слично до крајното спротивно определување (+ +, +, =, -, - -). Ако, на пример, во едно прашање за одредени состојби во РМ, се поставени модалитетите: 1. Подобрена е ; 2. Останала иста и 3. Влошена е(вака е правилно +, =, -), но ако се постави поинаку: 1. Многу подобрена; 2. Донекаде е подобрена; 3. Останала иста; и 4.

Донекаде влошена (+ +, +, =, -) е неправилно, бидејќи недостасува модалитетот "Многу влошена", поради што може да се очекува дека испитаниците повеќе ќе се определуваат за позитивните (дадени се две можности), а помалку за негативните (дадена е само една можност да се искаже за "поблага" форма на влошеност на состојбите).

– На секое или на најголемиот дел од прашањата во однапред понудените одговори, на испитаникот треба да му се даде можност нешто да "не знае", да "не може да оцени" и слично. Ваквите модалитети се ставаат на крајот од понудените модалитети и ако анкетирањето е предвидено да се одвива face to face, се запишува во заграда, како напомена за анкетарот да не му го чита таквиот одговор, од причина што испитаникот може, ако однапред знае дека може да не се определи, да оди "по линија на помал отпор", односно почесто да се искажува дека не знае, не му е познато и слично.

– На едно прашање не смее да се предвидува (запишува) *Без одговор* (што е предвидено само при изработката на Кодексот на шифри). Можно е некој испитаник да *не сака да одговори* на некое прашање, тогаш може да се запише таков модалитет, но анкетарот не смее да му го чита ваквиот модалитет.

– Понудените одговори во едно прашање треба да бидат, по можност, во што *повоедначена должина на записот,* односно да се избегнуваат различна конструкција на записот на понудените модалитети – повеќето со два, три збора, а на некои модалитети описот да е со многу повеќе зборови или редови. Тоа се наведува поради можноста испитаникот повеќе да се определува за модалитетите со помалку текст, кои може и да му се и поразбирливи, од друга страна, дури и анкетарот повеќе да ги нуди текстуално пократките модалитети за да би ја "подзабрзал работата". Р. Супек има поинакво мислење, и вели: "Ако некој одговор е значително подолг од останатите, испитаникот со право ќе поверува (ќе се определи за него – заб. ДМВ) дека е тој подолг поради тоа што составувачот кај него внимавал повеќе врз смислената точност и потполност"[5]. Без претензија за некое оспорување на горните наводи,моето укажување е чисто емпириски осознаено. Но, кој знае, не мора да сум во право.

– Во контекстот на *јасноста и прецизноста* во поставувањето на прашањето, се имаат предвид спротивните постапки кои доведуваат до *двосмисленост и неодреденост* на прашањето. Често пати се вели: "Какво прашање – таков и одговор". За оваа прилика

5 Supek, R.: Ispitivanje javnog mnijenja. - Naprijed, Zagreb, 1961, str, 131

си приспомнуваме на вицот кога некој си патувал првпат со авион. По полетувањето на авионот, стујардесата го прашала патникот: "Што сакате да се напиете, имаме кафе, чај, сок, виски, вотка и коњак." (без да го праша што сака од наведеното). Патникот, едноставно одговорил – "сакам".

Анкетарот да го поставува (односно го чита испитаникот при самопополнување) прашањето сосема одредено и конкретно, онака како што е запишано во прашалникот. Затоа на составувачот на прашалникот паѓа поголема одговорност, односно треба да обрне поголемо внимание уште при јазичната формулација на прашањата. Во такви ситуации, истражувачот треба веднаш да се стави во улога на испитаникот и самиот да претпостави како тој би го разбрал прашањето и каков одговор би можел да даде на тоа прашање.

– При изработката на барометарот на задоволство, нивото на сложување или несложување со одредени тврдења, потребно е, покрај почитувањето на истото ниво на позитивни и негативни нивоа на сложување, односно несложување, да се употреби исцрпната листа на алтернативни афирмативни и негативни тврдења во ист размер. За тоа се наведува пример од едно истражување од меѓународно значење во октомври 1958 година[6] во кое, меѓу другото, во едно прашање се бара мислењето на испитаниците за американскиот капиталистички систем. Во прашањето, на скалата, покрај наведените три нивоа на сложување или несложување (+ +; +; -; - -;) за секоја од понудените 16 алтернативи беа поставени во ист број 8 позитивни и 8 негативни мислења.

Може да се каже дека во споменатото истражување е постапено мошне коректно и професионално, но прават впечаток две работи: прво, квалитетот и содржината на избраните (понудените) 8-те позитивни искази наспроти другите 8 негативни искази, и второ, оставена е можност испитаникот едноставно да не сакал или превидел да даде одговор.

Прво за *второто* – ако е тоа резултат на тоа што испитаниците не сакале да одговорат, тоа значи дека намерно одбивале да одговорат на поставеното прашање, што претставува поинаков квалитет на (не)исказот на испитаникот од оној (не)одговор како резултат на немарноста на испитаникот. Тука се усложнува работата и ако на тоа се додаде и можноста анкетарот да испуштил да го праша испитаникот за некои од понудените 16 алтернативи, што е сосема поинаква причина за "неодговор", тогаш станува појасно зошто на овој проблем треба однапред да му се обрне посебно внимание.

---

6. Supek, R., op. cit. str. 110-111

Впрочем, крајната цел на истражувачот, за ваков вид на прашање, е да добие некои изведени податоци (нови независни варијабли) за испитаникот, нпр. групирањето на испитаниците според тоа колку се тие: Исклучиви приврзеници...; Приврзеници...; Противници...; и Исклучиви противници...

За *првиот впечаток,* што би биле недопустливи грешки на истражувачот, доколку не води сметка за вооедначениот квалитет на избраните парници (чифтови) на модалитети на афирмативните и негативните искази, ако поради ништо друго, барем поради задржувањето на чесен однос кон науката.

– Секое поставено прашање во анкетниот прашалник не смее да го стави испитаникот во положба да се сомнева или тоа да биде повод за можна закана поради тоа што одговорот на испитаникот би бил неприфатлив за пошироката околина.

– Најголемиот дел на поставените прашања во прашалникот треба да се однесуваат за сегашните актуелни настани, состојби, проблеми и слично. Сепак, со тоа не се исклучува поставување прашања на испитаникот за некои теми (помалку) од минатото и (повеќе) за иднината, во зависност од конкретното анкетно истражување.

– Мошне значајно е да не се поставуваат прашања во прашалникот со кои се *завлегува во интимата на испитаникот,* или прашања кои, на некој начин, би биле *навредливи, потценувачки или понижувачки* за испитаникот. Тоа може да биде, со право, добар повод испитаникот да ја прекине понатамошната комуникација со анкетарот. Во истиот контекст, кога се бара од испитаникот неговиот став, мислење и слично, тоа слично да не биде нешто со што би го "тестирале" неговото знаење и, доколку не знае, да се почувствува "засрамен".

– Воглавно сите поставени прашања во еден прашалник треба да се однесуваат на целата популација, односно на најголемиот дел на испитаници што се опфатени со примерокот на испитување.

Негативните последици од недоследното придржување кон ова правило не се запираат само врз компетентноста за давање одговори на одредена група испитаници, туку тие продолжуваат и понатаму. Така, може да се очекува да се добијат спротивни и нелогични за нас одговори на испитаниците во однос на нашите со проектот поставени хипотези (претпоставки) или, во поблага форма речено, да се појави забележителен број на случаи (одговори) со "Не знам", "Не ме интересира", "Не сака да одговори" и на тоа слични одговори. Накратко кажано, при изработката на прашалникот,

односно при составувањето на секое едно прашање и "редењето" на можни одговори, на истражувачот мора однапред да му биде јасна конкретната хипотеза и можните отстапувања и специфики што од неа произлегуваат, како од содржината на хипотезата, така и од структурните белези на единиците на испитување кои произлегуваат од вкупната популација.

– Во најголемиот број случаи во анкетните истражувања, *дихотомните прашања* треба што поселективно да се применуваат. За тоа има конкретни објаснувања и забелешки, но овде се наведува токму потребата од дихотомни прашања, особено во ситуации кога од испитаниците се бара конкретно изјаснување за некој изминат настан. Тогаш се можни само две алтернативи, на пример, гласал или не гласал, бил член или не бил член на некоја политичка партија, бидејќи е нелогично (да се дава можност) да одговори со "Не знам", "Не ми е познато" и слично.

За употребата на алтернативните прашања кај некои истражувачи постои сосема одбоен став, односно се на стојалиште дека, на пример, "во испитувањето на јавното мислење, воопшто не треба да се применуваат алтернативни прашања и дека треба да се применуваат прашања за испитување на ставовите на испитаниците само преку скалирање."[7]

Со сето уважување на аргументите на одделни автори-за прифаќањето или отфрлањето на примената на вакви или онакви видови прашања, во случајов за дихотомни прашања или не, уште еднаш се подвлекува дека сé ќе зависи од случај до случај. Така,еднаш дихотомното прашање е единствената варијанта што ќе треба да се примени,на пример,"Сум гласал" или "Не сум гласал", или пак, "Знам" или "Не знам"-трето нема,а другпат таквото прашање би било сосема депласирано за употреба во анкетниот прашалник,на пример,со прашањата во кои се бараат одговорите за степенот на сложувањето,односно несложувањето на испитаникот.

- При одделното конструирање на прашањата со *нумерички* и(ли) *атрибутивни,* односно со *квантитативни* и(ли) *описни показатели* во истиот прашалник, составувачот на прашалникот треба да има предвид дека испитаниците најчесто пројавуваат тенденција различно да се однесуваат при изборот на одговорите, во зависност од редоследот и местото каде тие се наведени на овие два вида прашања:

Често се случува на едно поставено прашање со *нумерички* показатели или на *скалата,* испитаникот, како по некое правило да ги избегнува крајните (екстремните) модалитети. Меѓутоа, при

---

7 Quin Mc Nemar: Psychological statistics. - Fourth edition, John Wiley and Sons, Inc. New York - London - Sidney - Toronto, 1969, p. 33

одговарањето на поставените прашања во кои се наведени модалитети (одговори) со *атрибутивни (описни)* искази, испитаниците почесто ги бираат *крајните* (повеќе на почетокот, а помалку кон крајот) понудени одговори.

Од тие причини,составувачот на прашалникот треба да изнајде соодветни решенија во конструирањето,односно редењето на можните одговори,како и посебно свртување на вниманието на анкетарите за најсоодветен начин на усното презертирање на одговорите на поставените прашања.

Поставените прашања треба да се однесуваат на испитаникот, а ако веќе се нужни некои други информации, можат да се добијат на друг начин, односно од други извори. Така, на пример, со прашалникот не треба да се бараат податоци (одговори) од испитникот за тоа дали во населбата на испитникот има пошта, амбуланта, водовод и така по ред за низа податоци за кои испитаникот и не мора да знае да одговори, а од друга страна, прашалникот се преоптоварува со поголем број на прашања и за сите тие прашања постои поверодостоен начин за прибирање информации.[8]

-Правило е да се постави прашање на кое може да се очекуваат барем два различни одговори, а очекуваната дистрибуција на фреквенција да има статистичка значајност. Тоа значи, ако може да се претпостави дека од сите понудени одговори, сите испитаници би избрале само еден одговор,тогаш едноставно подобро е и да не се поставуваат таквите прашања, освен во одредени ситуации, на пример, ако се сака да се испитува само одредена група испитаници,а ние со примерокот на истражувањето не сме биле во можност да направиме случаен избор, па со едно претходно поставено прашање вршиме селекција на испитаниците, на пример, само на оние кои имаат гласачко право(кај нас 18 и повеќе години).

Придржувањето кон ова правило е дотолку позначајно, доколку претходно се применува во некои алтернативни или филтер – прашања. Имено, ако на претходното прашање одговориле само, или во најголем број на случаи, на еден модалитет, тогаш ќе биде излишно поставувањето на наредните две или повеќе алтернативни прашања.

---

8 Слично на тоа и Good, C. V. - Scates, D. E.: Metode istraživanja u pedagogiji, psihologiji i sociologiji. - O. Keršovani, Rijeka, 1967, str. 492 прашуваат: "Дали податокот може да се добие од документарните извори, што одреденото прашање... би го правело непотребно? Дали прашањата се однесуваат на ситуацијата на испитаникот?"

– Од сета, најразлична, понекогаш и меѓусебно спротиставена, научна литература во врска со изготвувањето на анкетните прашалници, навистина има што да се забележи и научи, да се најде еден "заеднички именител" во градењето на еден квалитетен анкетен прашалник. Интересно е мислењето на П. Лазарсфелд, според кое општата опитност во креирањето на анкетниот прашалник за една конкретна ситуација, се огледа во тоа што: "доброто истражување се состои во враќањето и напредувањето помеѓу ОИ (отворени интервјуа заб. ДМВ) и повеќе цврсти и отсечни постапки"[9]. Поедноставно кажано, тоа е правилото за *апсолутното* исклучување на *апсолутните и чисти категории* во поимањето на вредностите на понудените правила, за нивните предности или недостатоци во изработката на прашалниците за едно анкетно истражување и во неговото поставување вон различните форми на *контакт – пристапите* помеѓу истражувачот, анкетарот (интервјуерот) и испитаникот.

## Втората, стручната група на правила

Во оваа група на правила се врзуваат постојните размислувања на истражувачот кои можат да му бидат, на некој начин, "одбивни и нападни" поради зголеменото, дури и целосното присуство на рутинерството и вештината во изготвувањето на прашалникот. Со право Мозер "признава" дека изработката на прашалникот му претставува голем проблем на истражувачот, "дотолку повеќе што тоа секогаш е повеќе работа на вештината одошто на науката."[10] А јас додавам за оваа група на правила, доколку не биде до крај консеквентно уважувана, може да предизвика такви "ломови" во истражувањето кои со ништо друго или со никаква дополнителна интервенција не може да се наведуваат, навидум мал број на правила, но за секој истражувач незаобиколни во креирањето на анкетните прашалници:

– Прашалникот мора да биде насловен, односно да се знае кој е носител, односно организатор (автор) на истражувањето и тоа да се одбележи на видливо и ударно место, најчесто на почетокот на секој прашалник, заедно со даденото кратко објаснување за предметот и целите на анкетирањето.

---

9 Lazarsfeld, P.: The Controvesy over Detailed Interview. - An Offer for Negotation, P.O.Q., 1944, стр. 8

10 Mozer, C.A.: Metodi anketiranja u istraživanju društvenih pojava. - Kultura, Beograd, 1962, стр. 274

– Во истиот контекст, на почетокот на прашалникот, треба да се даде кратко општо упатство за пополнувањето на прашалникот. Упатството е наменето, во прв ред, за испитаникот, но и за анкетарот, во зависност кој ќе го пополнува прашалникот. Упатството треба да содржи и објаснување за случајниот избор на лицата за анкетирање, со задолжително напоменување дека анкетирањето е анонимно и дека агрегираните (не поединечни) резултати од истражувањето ќе се користат исклучиво за научни цели. Тоа ќе биде момент и добар повод испитаникот да биде замолен да дава слободно, без притеснување, искрени одговори на поставените прашања.

Исто така, на почетокот на прашалникот, треба да се објасни општиот (претежниот) начин на одговарањето на поставените прашања, на пример: на секое поставено прашање да се заокружува само еден одговор, односно бројката или некој друг знак пред наведениот одговор што би го избрал испитаникот. За секоја поинаква постапка при одговарањето на поставените прашања, треба да се дадат објаснувања веднаш под (или над) поставеното конкретно прашање. На пример, под текстот на прашањето, во заградата, да се наведе дека се можни повеќе одговори на поставеното прашање и истите да се рангираат според значењето, или, друг пример, објаснувањето за анкетарот или испитаникот за тоа кој треба да одговара на одредено прашање, условно (зависно) од претходно дадениот одговор или пак исклучување на одговорите на одредени испитаници според нивните структурни белези (пол, занимање, итн.).

– За секое започнато прашање на една страница од прашалникот, треба на истата страница да завршат и сите понудени модалитети на одговори. Ова се потенцира особено во ситуации кога постои можност прашалникот да му се дава на испитаникот тој сам да го пополни. Така, во ситуација кога е дадено прашањето и неколку модалитети на можните одговори на една страна, а преостанатите модалитети се префрлени на другата страна, тогаш, како по правило, испитаникот се определувал (избирал) за модалитетите од претходната страна, а почесто ги испуштал модалитетите од втората страна.

– Доколку прашалникот е поделен на повеќе блокови (целини), не е задолжително, но е препорачливо, секој блок да е насловен и да има свои нужни воведни објаснувања, ако не за друго, барем за одржување на континуитетот на разговорот со испитаникот.

– Пред секој модалитет (понуден одговор) на поставените прашања најчесто треба да се става бројка (шифра) која може да биде и конечна шифра и во кодексот за понатамошна рачна и

компјутерска обработка на анкетниот материјал. Од тие причини треба да се избегнуваат некои поинакви знаци за да не се комплицира понатамошната (рачна и компјутерска) обработка.

– Со оглед на примената на компјутерска технологија во обработката на истражувачкиот материјал, пожелно би било однапред, на десната маргина во висина на секое прашање, во куќичката (<u>|N|</u>), да се предвиди бројка со која му се определува позиција (колоната) на компјутерскиот запис за секој прашалник.

– Во тестот на прашањето, исто и при наведувањето на модалитетите на одговорите, не смее да се употребуваат кратенки за некои поими за кои сметаме дека текстуално се многу долги. Употребените кратенки за некого можат да бидат познати и без проблеми да ја препознае нивната полна содржина, но тоа за некого веќе може да биде проблем, особено ако се анкетира со самопополнување или во анкета на јавното мислење, каде се анкетираат лица од најразлична образовна структура.

– Пожелно е нумерацијата на редоследот на прашањата да биде континуиран и да се одбележуваат некои прашања со исти бројки и со додавки на некои букви (нпр. 7.а.; 7.б.). На тој начин, всушност, редниот број на последното прашање е и вкупниот број на прашањата во прашалникот.

За волја на вистината, ова наше насочување, во практиката тешко може да се постигне,поради низа причини и пројавени нови моменти во текот на изготвувањето на прашалникот, претходната рачна обработка, па сé до конечната компјутерска обработка на прашалниците од анкетата. Сепак, останува нашата првична пожелност за поедноставување на редоследот на прашањата, особено ако за поинакви (покомплицирани) решенија при нумерирањето на редоследот на прашањата немаме некоја нужна потреба.

– При формулирањето на секое прашање и наведувањето на модалитетите на одговорите на прашањата, треба да се води сметка за *граматиката,* односно за *правописот* и употребената интерпункција. На ова место ќе се наведат неколку најзачестени примери за кои многу – многу не се води сметка за правилен правопис пристап:

*Употребата на исто лице и множество* е правило од кое не треба да се отстапува во еден ист прашалник, односно ако во еден прашалник прашањата се поставуваат во второ лице еднина (множина), одговорите на тие прашања треба да се во прво лице еднина, понекогаш во трето лице еднина, но никако комбинирано: час едно – час друго лице или множество.

*Одговорите* на испитаниците се даваат во *прво лице еднина,* без оглед дали се во прашалниците кои ги пополнуваат самите испитаници или од страна на анкетарот, додека примената на *трето лице еднина* е можна само при изработката на *кодексот на шифри,* односно при наведувањето на модалитетите на можни одговори во "вкрстените" *табели.* Друга е ситуацијата – кога анкетарот му ги понудува (чита) можните одговори на поставеното прашање – тогаш, се разбира, анкетарот ги кажува во *второ лице множина.*

При редењето на модалитетите на одговорите треба да се обрне внимание да *не дојде до повторување на зборовите (тавтологија),* ако еднаш веќе се употребени во прашањето или во првиот наведен модалитет на одговорите. За да може поконкретно да се долови ставот за избегнувањето на тавтологијата, се наведуваат некои *неправилно* употребени примери од еден наш прашалник, во кои излишно се употребени (повторувани) предлозите "на" (ЕЗ, КЕБС, САД, Русија...), "со" (Албанија, Бугарија...) и "од" (можен напад, натамошно осиромашување...) во модалитетите на одговорите, како што е *правилно* постапено, на пример, во едно друго прашање со испишување на повторување на зборот "сум" (мошне задоволен, задоволен, донекаде задоволен, незадоволен и воопшто незадоволен).

Понекогаш, односно во одредени ситуации е нужно повторување на истите зборови во понудените модалитети (одговори), на пример, 1. На Собранието; 2. На претседателот и сл.

Кога сме веќе кај граматиката, од моето досегашно искуство во анкетирањето, во прашалниците, односно во текстовите на прашањата и понудените одговори, најчесто (сметам од немарност, а не од незнаење) не се води сметка за *употреба на почетната голема буква* за секој одделен модалитет на одговорите. Нека е само за потсетување после секоја точка во текстот (на пример, после употребената шифра 1., 2., 3...) секогаш доаѓа голема буква или пак, секоја нова реченица, макар таа да е составена само од еден збор. За тоа се наведува примерот од прашалникот, во кој како две одделни реченици се сметаат зборовите "најмногу" и "најмалку", па оттука двата збора започнуваат со голема буква (Најмногу и Најмалку).

– На крајот на секој прашалник треба да се постави, не само од куртоазни причини, прашање на испитаникот за тоа што тој мисли дека треба да каже во врска со темата на анкетирањето, а ние не сме го прашале за тоа.

– Секое прашање и одговорите во прашалникот треба да бидат така поставени, да може врз нив да се изврши квантитативна анализа на добиените податоци. За таа цел, значајно е однапред да

се определи таква конструкција на прашалникот која најмногу ќе соодветствува на начинот на кој ќе се обработува во понатамошните фази (рачно, компјутерски и сл.).

### Третата, техничката група на правила

– Прашањата треба да се подредени на иста висина и со примена на ист тип и големина на буквите. Одговорите треба да се разликуваат од прашањата, барем според големината на буквите. Така, ако се употребени сите големи букви за текстот на прашањето, тогаш испишувањето на модалитетите на одговорите треба да е со мали букви.

– Чуканиот текст на прашањата треба да се разликува од текстот на одговорите, со употреба на различни букви: според типот, големината или со различно растојание меѓу редовите и слично.

– Што се однесува до понудените модалитети на можните одговори на едно прашање, секој треба да биде даден во посебен ред (во една колона), а пред секој модалитет треба да стои шифра (бројка или буква) која при анкетирањето се заокружува или одбележува на некој друг начин, а служи и за понатамошната обработка (рачна и компјутерска).

– Техничката изработка на прашалниците треба, по можност, да биде изведена на најсовремен и најефикасен начин, на пример, со употреба на xerox – апарати за умножување, намалување на форматот од А-4 на А-5, поради полесно манипулирање со прашалниците и сл.

– Прашалникот, во зависност од големината (по бројот на прашањата), треба да биде умножен и подготвен (захефтан) во вид на тетратка, за да може да остане во целина (да не отпаѓаат страници) до крајот на истражувањето, односно до неговата конечна обработка, и.

– Ако веќе на некое прашање сме оставиле на испитаникот сам текстуално да го запише својот одговор (отворено прашање) тогаш, во зависност од претпоставената должина на можниот одговор, треба да се обезбеди и таков (доволен) простор за да се запише одговорот во прашалникот.

### Четвртото, естетското правило

За некого е можеби малку чудно насловувањето, односно одделувањето посебна група на правила или нивното потенцирање. Токму така. На ова место сакам да ја нагласам улогата на естетскиот момент при изработката на анкетниот прашалник.

Ова мое залагање завлегува повеќе во некој психолошки аспект, односно ефект, за анкетарот, а и ние да "не се срамиме пред испитаникот" поради лошо изработерниот (чукан и умножуван) прашалник на неквалитетна хартија со подискинати, истуткани или замачкани со боја листови и слично. Сите лоши наводи и естетски одбојни слики не се наведуваат, но треба тоа лично да се види и искуси, па веднаш да се реагира за што поестетска изработка на прашалникот, се разбира, во рамките на можностите на истражувањето.

Со право се укажува дека изгледот на прашалникот влијае врз подготвеноста на испитаникот да се согласи на одговарање на поставените прашања. Оттука, нам не ни е сеедно, покрај тоа дали прашалникот е краток или долг, дали е прегледен и разнообразен според начинот на испитувањето или едноличен и досаден, колку е тој "убав или грд според изгледот"[11] или, "колку се води сметка за квалитетот на хартијата, за големината и типот на буквите, за распоредот на текстот, за техниката на умножувањето и за другите одлики кои ќе овозможат лесно и точно користење на прашалникот."[12]

Естетското во прашалникот, заедно со техничката група на правила, несомнено влијае и врз другите учесници во анкетата и значително ја олеснуваат понатамошна обработка.

## Петтото, правилото за рационалност

Во изработката на прашалникот веднаш се имплицира залагањето на истражувачот од што поголема економичност, заштеда во хартија (никако на сметка на квалитетот, како и погодност за манипулирање при анкетирањето или при обработката), снимање, умножување и сл. Кога се работи за рационалност, тоа може да се однесува и при изработката на првите верзии на прашалникот, печатење на текстот на прашалникот од двете страни на листот, умножување на точен број на прашалници со предвидената резерва итн.

– Во последно време се повеќе се практикува, што се разбира, не е можно за сите видови прашања, изработка на еден инструмент кој ќе содржи најмалку 10 прашалници за исто толку

---

11 Supek, R., op. cit. str. 91

12 Лекић, Ђ.: Методологија педагошког истраживања и стваралаштва. - ЗУНС, Београд, 1979, стр. 155.

одделни испитаници. Сепак со вакви прашалници не се можни, односно е отежнато евидентирањето на мислењата на испитаниците со кои се бараат подолги текстуални записи, како и за други прашања кои бараат комбиниран пристап на претставување на одделни прашања (рангирање, скалирање и друго).

– Во овој дел, неспорно влегува и пораката за секој истражувач – *да не прави големи прашалници,* ако за тоа нема некоја особена причина и потреба, односно е во можност да пронајде некои други решенија за прибирање на емпириските показатели, вклучувајќи тука и некои поранешни анкетни истражувања кои би можеле да се искористат за планираното истражување. Во контекстот на рационалноста, особено е значајно да не се поставуваат прашања кои излегуваат надвор од поставените поединечни хипотези, како контролни, а ако е тоа потребно, да се сведе на што помала мерка.

## Шестата група, правилата за компатибилност

– Прашалникот треба да е приспособен за секоја фаза на емпирискиот дел на истражувањето (манипулирањето при теренското анкетирање, рачната и компјутерската обработка). Оттука, се препорачува, онолку колку тоа е можно, прашалникот да биде изготвен така што подеднакво да биде пригоден и за анкетирање (естетска страна, прегледност и јасност на прашањата, практичност за манипулирање на терен и сл.) и за претходната подготовка за анализа на анкетните прашалници (формална и логичка контрола, затворање на отворени и полуотворени прашања, рачна изработка на дистрибуции на фреквенции, конечно кодирање и сл.) и за крајната компјутерска обработка (однапред определување на бројот на компјутерските позиции или колони, изборот на видовите на кодот за одделни прашања од прашалникот и урврдувањето на кодексот на шифрите).

## Седмото е правилото за "заокружување"

Или правилото за подведување на сите погоре наведени правила под едно правило – *едните правила да не пречат на другите правила.*

– Не е непознато во изготвувањето на прашалниците, а со намера да се добие што подобар прашалник, односно со уважувањето на некои или пак поголемиот дел од наведените правила, да се добие таков "хибрид" од прашалник што фактички

ќе биде неупотреблив за конкретното истражување. Затоа е потребен дополнителен напор на изготвувачот на прашалникот – да ги "протежира" само оние правила за изработка на прашалникот кои најмногу ќе придонесат за вистинскиот квалитет на истиот. На пример, истражувачот ќе се откаже од приоритетот во редоследот најпрвин од полесни прашања, кон потешки и на крајот на прашалникот да дојдат личните податоци за испитаникот, кои всушност ќе се стават најнапред на прашалникот, поради примена на квотниот примерок.

На крајот на излагањето, за сите наведени седум групи на правила во изработката на прашалникот, треба да се подвлече уште еднаш, во крајна линија, присуството на *Милсовата имагинација* кај секој составувач на прашалникот, односно постојаниот напор на истражувачот за изнаоѓање на единствено вистински решенија во изготвувањето на секој конкретен прашалник.

Општо земено, употребениот *збор правила* за изработка на прашалникот за анкета, може да послужи само како "репер" при креирањето на конкретниот прашалник, како инструмент во едно емпириско истражување, да ни ја долови дозволената (колку е таа дозволена ќе зависи од оценката на самиот истражувач) мерка на оддалечување од посочените правила, без "страничните" влијанија на некои фактори што би го девалвирале конкретниот истражувачки зафат. Оттука произлегува и основното правило – прашалникот да ги содржи прашањата што се во врска со предметот и целите, како и поставените хипотези за конкретното научно истражување, а потоа да се уважуваат наведените седум правила (методолошки, стручни, технички, естетски, правилата за рационалност, компатибилност и за меѓусебно поврзување и усогласување).

Сите наведени правила, се разбира, немаат иста "тежина", но, ако се земе предвид правилото за меѓусебното поврзување и усогласување, станува појасно дека за секоја подготовка и изработка на анкетниот прашалник, истражувачот би требало, колку-толку, да ги уважува со иста мерка.

M-r Dušan M. Verigić

## Rules for Making a Questionaire

*S u m m a r y:*

*The rules for designing a questionnaire is a reminder for the researcher for improvement. The basic rule is: each questionnaire should contain questions related to the topic and the hypothesis of the research. The basic methodological remark is: we should always have in mind who replies to the questionnaire and how it is completed.*

*Further, there are seven rules for designing a questionnaire: methodological, expert, technical, estetical, rational, compatible and rules for summarizing.*

*- The methodological rules are largest and most relevant ones, such as:*

*- Translating the questionnaire to the language closest to the respondents;*

*- Clarity and equal rank of the replies regarding the relevance;*

*- The advantage of presenting groups of questions with different variables is determined by the type of the questionnaire, the respondents, while for the quota samples, advantage is given to independent variables;*

*- The order of the questions should enable gradual introducung of the respondent into "conversation", starting with easier going to more complicated questions (turned up order should be avoided);*

*- The order of the replies should go from affirmative towards negative ones; from larger issues towards smaller, but sometimes we may have mixed order of the replies;*

*- The scales of the answers we should consider the equal intensity (from extreme affirmative towards extreme negative);*

*- The respondent should be given the possibility not to answer or not to be regarded by the question;*

*- Intimate questions should be avoided;*

*- The expert and technical groups of rules are also relevant, enabling to avoid negative consequences during the research. The author insists on the esthetic rule because of the psychological effects.*

*- The rational rules (size of the questionnaire etc.), the compatible ones (adequacu for all phases of the research) and the rules for summarizing give the questionnaire possibilities to find solutions in its design.*